**ОПШТИНА ШТИП**

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Ш т и п*
*18/24-131*
*18.07.2024год.*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество на јавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2024 година со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А  З А  У Ч Е С Т В О**

**на јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**
**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БАЊА КЕЖОВИЦА, УРБАН ЧЕТВРТ СЗ 11.01, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП**

Согласно член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) се организира **јавна презентација и јавна анкета по изготвен** Нацрт План на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БАЊА КЕЖОВИЦА, УРБАН ЧЕТВРТ СЗ 11.01, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП.

**Во контекст на ова се доставува покана за учество на јавна презентација и јавна анкета по изготвен детален урбанистички план.**

Границата на планскиот опфат претставена описно е следна:

- од север опфатот граничи со КП 8785/3

- од исток опфатот граничи со КП 8785/3, КП 8221



Scanned with CamScanner

- од југ опфатот е дефиниран по осовина на река Отиња

- од запад опфатот граничи со Новопроектирана собирна улица "Рибник"

Во планската програма дефиниран е плански опфат кој е прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација по **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БАЊА КЕЖОВИЦА, УРБАН ЧЕТВРТ СЗ 11.01, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП**, Нацрт план (плански период 2023-2028), ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 13 август 2024 (Вторник) до 25 септември 2024 год (Среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 26 август 2024 (Понеделник) година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

*Изработил:*
*Драгана Штерјова, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*



Scanned with CamScanner